Република Македонија
Министерство за внатрешни работи

[redacted]

До:
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Рег. бр. 226-92292/1
Скопје 15-11-2018

Министерство за внатрешни работи

Биро за јавна безбедност

Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси

Ул.Димче Мирчев бр.9
Скопје

Тел. (02) 314-2700
Факс: (02) 314-3209

www.mvr.gov.mk

**Предмет:** Оперативен план за спроведување на активностите од Акцискиот план за спроведување на Истамбулската конвенција, доставува.-
**Врска:** Нацрт - записник од Деведесет и третата седница на Владата на РМ.-

Согласно точка 2 од Нацрт – записникот од Деведесет и третата седница на Владата на РМ, за активностите во своја надлежност Министерството за внатрешни работи изготви **Оперативен план за спроведување на активностите од Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашно насилство" (Истанбулска конвенција) 2018-2023 година**.

Со оперативниот план се опфатени две цели и тоа:
1. Воспоставување сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово – базирано насилство и на жртвите на семејно насилство и
2. Превенција на родово – базирано насилство и семејно насилство.

Воедно, Ве информираме дека Оперативниот план ќе биде објавен на веб страна на министерството.

Имајќи го предвид нашето мислење по Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата, изразено во наш акт бр.13.1.2-64497/2 од 27.09.2018 година, **Министерството за внатрешни работи нема да планира активности во оперативниот план за спроведување на активноста од Акцискиот план „Изменување и дополнување на Законот за полиција"**, утврдена во цел 1 – „Усогласување на националните закони со одредбите на Конвенцијата".

Имено, во однос на дополнување на членот 28 од Законот, со додавање на овластување на полициските службеници да можат да превземаат дејства за отстранување на насилникот од домот во случаи на родово-базирано насилство, сметаме дека предложеното е непотребно од причини што согласно членот 28

[redacted]

став 1 точките 5 и 6 од Законот за полиција[1] се нормирани полициските овластувања приведување и задржување, со што е дадено законско овластување на полициските службеници да го приведат и задржат сторителот на прекршок или кривично дело. Задржувањето за прекршок може да трае најмногу 12 часа, а за кривично дело до 24 часа. Со примена на постоечките полициски овластувања, законски е дадена можност за отстранување на насилникот од домот, а за понатамошни чекори по неговото приведување и задржување во случаи на сторено семејно насилство се применува Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[2].

Со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство од 2014 година, воспоставен е систем за граѓанско-правна заштита на жртвите на семејно насилство. Во истиот се утврдени надлежностите на институциите во системот на превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, како и привремените мерки за заштита на тие жртви. Во насока на поголема заштита на жртвата на семејно насилство, согласно законот, полицијата до надлежниот суд може да поднесе предлог за изрекување на привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, а по донесување на одлука од страна на судот полицијата е одговорна за спроведување на таа одлука.

Во контекст на наведеното, **предлагаме при донесување на Законот за родово базирано насилство истиот да биде усогласен со полициските овластувања предвидени во Законот за полиција** со цел надминување на недостатоците при практичното спроведување на овој Закон

**Прилог:** Оперативен план.-

**Со почит и желба за успешна соработка,**

**МИНИСТЕР ЗА
ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Оливер Спасовски**

[1] („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016, 120/2016 и 21/2018)
[2] („Службен весник на Република Македонија“, бр. 138/.2014, 33/15 и 150/15).

Собранието на Република Македонија во 2017 година ја ратификуваше Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) што претставува револуционерен чекор во превенцијата и борбата против родово базираното насилство, Меѓутоа, клучниот предизвик е доследната имплементација на обврските што се презедоа со прифаќањето на оваа конвенција. За таа цел усвоен е Национален план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, кој претставува стратешки документ на Владата на Република Македонија, што ги дефинира активностите, клучните институции, индикаторите и временската рамка за преточување на одредбите на Конвенцијата во националното законодавство за периодот 2018-2023. Основната цел на постојниот план е да дизајнира, спроведе и координира сеопфатна национална политика за превенција и елиминирање на насилството врз жените. Активностите во планот планирано е да се реализираат во периодот 2018-2023 во кој период ќе се воспостави темелот за сеопфатен правен и институционален одговор на родово-базираното насилство во Македонија.

Националниот акциски план има три основи цели:

1. Усогласување на законската рамка со одредбите на Конвенцијата.
2. Воспоставување општи и специјализирани сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово-базирано насилство и на жртвите на семејно насилство.
3. Спроведување активности за превенција од родово-базирано насилство и семејно насилство.

Владата на РМ на Деведесет и третата седница го прифати текстот на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата и го задолжи Министерството за внатрешни работи да подготви Оперативен план за спроведување на активности од акцискиот план кои се во надлежност на министерството со буџет и временска рамка за 2019 година. Во контекст на наведеното Министерството за внатрешни работи изготви:

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ОД НАЦИОНАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА

## ►ЦЕЛ 1: Воспоставување сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово-базирано насилство и на жртвите на семејно насилство

| Активност 1.1. | Одговорна организациска единица | Индикатори | Временска рамка | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| Опремување и оспособување на пријатни соби за избегнување на секундарна виктимизација на жртвите на родово-базирано насилство пристапни за лица со попреченост | ЕСПСКК | ➢ Формирање на мултиресорска работна група | 03.2019 | Буџет на МВР и МТСП Донации |
| | ЕСПСКК<br>Во соработка со МТСП, МО, МП | ➢ Изготвување на извештај со предлог објекти во кои има услови за опремување и оспособување на пријатни соби | 12.2019 | |

| ►Цел 2: Превенција на родово-базирано насилство и семејно насилство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 2.1.** | **Одговорна организациска единица** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Извори на финансирање** |
| **2.1.1. Спроведување на обука за обучувачи за „Модул за обука на професионалци за родово сензитивно обезбедување на услуги на жртвите“** | Центар за обука | Спроведена обука за обучувачи | 11-12.2018 | Буџет на МВР и UN Women |
| **2.1.2. Спроведување на континуирани обуки на полициски службеници** | Центар за обука, ОЗРУЧР | Изработен модул за обука на полициски службеници/чки за РБН | 09.2019 | Буџет на МВР |
| | Центар за обука | Спроведени обуки | континуирано | |
| **2.1.3. Спроведување на обука за кандидати за полицаец** | Центар за обука | Спроведени обуки | континуирано | |
| **Активност 2.2.** | **Одговорна организациска единица** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Извори на финансирање** |
| **Објавување на интернет страната на МВР, информации за мерки за безбедност, совети за превенција и резултати од локалните совети за превенција и други корисни информации за превенција на родово базирано насилство** | ЕСПСКК | Изработка на препораки за граѓаните | 06.2019 | Буџет на МВР |
| | Оддел за односи со јавноста и стратешки прашања | објавени препораки и информации за родово базирано насилство | 09.2019 | |
| | ЕСПСКК и Оддел за односи со јавноста и стратешки прашања | Ажурирање на интернет страната на МВР со совети за превенција и резултати од локалните совети за превенција и други | континуирано 09.2019-06.2023 | |

**МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**Оливер Спасовски**